СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

Macedonian Chambers of Commerce
Community of Commercial Interest
Nr. 0302-1-104/24
18.06 2024 year
SKOPJE

**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА ToR 03/2024**

**за набавка на услуги – компанија за изработка на едукативна дигитална платформа**

## 1. ВОВЕД

Набавката се објавува за потребите на иницијативата „Зајакнување на лидерската улога на жените во приватниот сектор преку подобрување на меките вештини и финансиската писменост на жените и спроведување на дигитализација во процесот на вмрежување и едукација на жените претприемачи “, спроведувана во рамки на проектот „Активност за јакнење на деловниот екосистем„ финансиран од УСАИД и спроведуван од Консалтинг за стратешки развој, за потребите на Сојузот на Стопански Комори на Македонија - ССКМ.

### 1.1 Позадина на задачата

**Општа цел на иницијативата** е да се создаде екосистем преку кој на жените ќе им се обезбедат алатки, поддршка и можности што им се потребни за да успеат како претприемачи и лидери во приватниот сектор. Целта е да се надминат родовите јазови и да се промовира различност и инклузија во деловниот свет.

**Сојузот на стопански комори на Македонија** е најголемата независна деловна асоцијација во Р.С. Македонија. Комората е основана во 2004 година како непрофитна организација. Комората ги промовира и застапува деловните интереси на околу 20.000 компании членки и ги поврзува со голем број национални, регионални и меѓународни институции и организации. Главна цел на Комората е постојано зголемување на конкурентноста на членките на Комората, да го промовира македонското деловно опкружување и да ја зголеми продажбата на производите на нејзините членки на светскиот пазар. Комората ги застапува интересите на сите стопански субјекти членки на комората, со јасна определба да придонесе за развој и поддршка на малите и средни претпријатија.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1. Цел на мисијата/задачата

Главна цел на задачата е да се развие иновативна паметна дигитална платформа за женско претприемништво која ги вмрежува и поддржува жените претприемачи. Платформата ќе функционира како онлајн едукативна платформа поврзана со веб-страницата на Сојузот на стопански комори на Македонија.

Дигиталната платформа има за цел да овозможи:

- Вмрежување на жени претприемачи (сите НИЕ на едно место)
- Едукација преку организирање обуки на релевантни теми за економско јакнење на жените (имплементација на родово-сензитивни стандарди во компаниите, операции на стратешко работење, пристап до финансии, човечки ресурси, маркетинг и продажба)
- Пристап до настани, онлајн конференции и онлајн семинари на релевантни теми за економско јакнење на жените
- Овозможува преку дирекна комуникација и вмрежување со компаниите одблиску да ги разбереме различните деловни оперативни предизвици со кои се соочуваат жените претприемачки и да се преземат конкретни активности за нивно надминување (преку директен контакт преку платформа или организирани групни состаноци)
- Пристап до креирана програма за менторство на жени претприемачки

**2.2. Очекувани активности и резултати**

Експертските услуги треба да обезбедат:

**1. Дизајн на архитектура:** Интердисциплинарен тим да работи на архитектурата и дефинирање на основата на платформата, карактеристики, содржина итн.

**2. Развој на карактеристики**

Основните карактеристики на платформата да вклучуваат:

- Регистрација на корисници и управување со профилот

- Директориум за деловни ресурси

- Алатки за следење на онлајн обуки за финансиско управување

- Специфични програми за деловно планирање и менторство

- Онлајн вебинари и дискусии за вмрежување и соработка

- Обука и едукативни содржини на различни теми за деловно работење и нивно сертифицирање

- Функции кои ќе овозможат користење на платформата од страна на лица со посебни потреби (accessibility)

- Функции за заштита од вируси и сајбер напади

- Политики за користење, политики за приватност, политики за колачиња и т.н.

**3. Поставување на содржина**

Поставување на едукативни содржини, како што се едукативни материјали, најдобри практики, успешни приказни и стручни совети, релевантни за жените претприемачи.

**4. Креирање на Веб Дизајн**

Комбинирање на UI и UX принципи за создавање функционални и атрактивни веб-страници.

Оваа активност опфаќа дизајнирање на целокупниот изглед и структура на веб-страниците, обезбедување одговорност (responsive design) и оптимизација за различни уреди и прелистувачи.

**5. Тестирање и обезбедување квалитет**

Спроведување темелно тестирање за да се идентификуваат и поправат сите грешки, проблеми со употребливоста или проблеми со перформансите.

**6. Обука за корисници**

Организирање на обука и поддршка за жените претприемачи за ефективно користење на платформата. Користењето на платформата од страна на жените претприемачки ќе биде олеснето преку развивање на упатство/насоки за регистрација и користење на профилот. Во овој контекст треба да биде креирана и политика на приватност и услови за користење.

**7. Корисничка поддршка и Helpdesk:**

Воспоставување центар за помош или систем за поддршка на корисници во врска со технички прашања и други грижи.

**8. Анализа и следење на податоците**

Креирање на алатки за анализа на податоци за следење на ангажираноста на корисниците, перформансите на платформата и влијанието на дигиталната платформа врз жените претприемачи.

Сите работни материјали кои биле користени во текот на истражувањето, треба да бидат доставени до Нарачателот на услугата.

**2.3. Фази на изработка на проектна задача и достава на документи за завршената работа**

А) Изработка на методологијата и план за работа.

Б) Извештај од креирани основни карактеристики и содржини на платформата.

В) Извештај од спроведено тестирање.

Г) Извештај од анализата на податоци за следење на ангажираноста на корисниците и перформансите на платформата.

**2.4. Временски период за испорака на услугите и известување**

Временската рамка за реализација на оваа проектна задача е периодот од 01 јули до 01 декември 2024 година, односно финалниот извештај за експертската услуга треба да се поднесе до 30.11.2024 година.

## 2.5. Опис на апликацијата

### 2.5.1 Технологија на изработка

Проектната задача да биде реализирана како едукативна Web апликација како дел од постојната веб стана на Сојузот на Стопански Комори на Македонија. Односно ќе биде креирана како subdomain со стандардна релациона база на податоци. Поконкретните технологии за изработка да се дефинираат пред почетокот на проектот во соработка со проектниот тим и вработените во Сојузот на стопански комори. Ваквото решение ќе овозможи пристап до содржините на апликацијата од било која локација, и со било каков уред кој обезбедува интернет и има можност за инсталација на веб прелистувач.

### 2.5.2 Структура на апликацијата

Изработката на софтверот да биде изведена модуларно т.е. да се состои од повеќе модули, кои ќе работат независно еден од друг. Целта е да се овозможи контрола на пристап до различните содржини, имплементирани во различни модули, преку доделување на администраторски привилегии на корисниците. Како главни модули во апликацијата да бидат имплементирани:

- **Модул за администрација на компании**
- **Модул за администрација на права на корисници**
- **Модул за презентација и пребарување на содржини**
- **Модул за внесување на содржини**

### 2.5.3 Краток опис на модулите

**Модулот за администрација на компании** да овозможува креирање на портфолио за компании и едитирање на атрибутните податоци на компаниите. Администрирањето да биде овозможено и од страна на поединечните компании (секоја за своите атрибути), но и од страна на овластен администратор на апликацијата.

Во **модул за администрација на права на корисници** да има можност за управување на привилегиите на секој корисник на апликацијата. Во зависност од доделените привилегии корисникот да може да извршува одредени активности (на пример: само преглед на внесени содржини).

Во **модул за презентација и пребарување на содржини** секој привилегиран корисник да може да ги прегледува содржините внесени од страна на останатите корисници на апликацијата. Во овој модул да биде имплементиран и соодветен пребарувач кој ќе го олеснува прегледот на податоци.

Во **модул за внесување на содржини** секој привилегиран корисник да може да внесува и споделува содржини со останатите корисници на апликацијата.

Содржините да можат да бидат во стандардните форми за на веб: видео содржини, аудио содржини, текст, Office документи, слики и т.н.

### 2.5.4 Стандардни компоненти на апликацијата

- **Систем за најавување во апликацијата**
- **Систем за ресетирање на лозинка**
- **Систем за автоматско испраќање на e-mail**

### 2.5.5 Скалабилност и надградба

Системот да претставува добра основа врз која ќе може да се изгради нов посложен систем кој ќе има можност за поврзување со други компатибилни системи, како од јавниот така и од приватниот сектор.

### 2.5.6. Минимални услови

Минимални услови кои треба да ги задоволи системот оптимална работа:

- Системот да биде модуларно дизајниран низ целата софтверска платформа. Дизајнот на апликацијата да биде проширлив или надградлив земајќи ги во предвид сите идни можни подобрувања на функционалностите и побарувањата за нови функционалности.
- Системот да биде дизајниран и развиен на таков начин да може да поддржи независно и дистрибуитано ставање во функција на сите компоненти.
- Сите инстанци на апликациите да бидат конфигурирани во HA (high availability-висок степен на достапност) модул со можност за репликација врз групираните инстанци.
- Стандардните алатки за ставање во функција, методологиите и упатствата да се користат во текот на целиот процес на развојот на апликацијата, тестирањето, ставањето во функција и одржувањето.

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА

### 3.1. Специфични критериуми за компанијата

Компанијата која ќе биде ангажирана за спроведување на предвидената активност треба да ги исполнува следните услови:

1. Да достави портфолио на компанијата, кое вклучува листа со референци и докази за извршени слични задачи во претходните 5 години.

2. Да достави предлог методологија за реализација на задачата.

3. Понудувачот да има тим за развој на дигитална платформа и да понуди минимум 2 лица кои ќе работат на развој на платформата. Понудувачот треба да достави кратки биографии од сите лица кои ќе работат на развој на платформата. Експертите треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Да има завршено високо образование од областа на ИТ;
- Да има најмалку 5 години искуство во ИТ секторот и развој на дигитални платформи
- Да има изведено минимум 5 дигитални платформи (програмирање и дизајн)

### 3.2. Финансиска рамка

| Р. бр. | Услуга | НЕТО цена во МКД (без ДДВ) |
|---|---|---|
| 1. | Дизајн на архитектура на платформата | |
| 2. | Развој на основните карактеристики на платформата | |
| 3. | Поставување на содржина | |
| 4. | Креирање на Веб Дизајн | |
| 5. | Спроведување на темелно тестирање | |
| 6. | Организирање на обука и поддршка за жените претприемачи за ефективно користење на платформата | |
| 7. | Воспоставување центар за помош или систем за поддршка за да им помогне на корисниците со технички прашања, прашања и грижи | |
| 8. | Спроведување на алатки за анализа на податоци. | |
| | ВКУПНО : | |

Крајниот рок за извршување на оваа задача е 30-ти ноември 2024 година.

### 3.3. Начин на плаќање

ССКМ по избор на најповолниот понудувач, ќе се води од начелата на авансно плаќање на разумни трошоци како што следи:

А) Прва рата по доставена методологија за работа во износ од 20%

Б) Втора рата по доставен извештај од креирани основни карактеристики и содржини на платформата во износ од 30%

В) Трета рата по доставен извештај од спроведено тестирање, во износ од 30%

Г) Четврта рата по доставен извештај од анализата на податоци за следење на ангажираноста на корисниците и перформансите на платформата, во износ од 20%.

**3.4. Библиографија и документација**

Компанијата ќе треба да направи соодветно референцирање на извори и материјали кои ги користел во текот на сите фази на процесот (се однесува на деск анализата и на најдобрите практики).

MACEDONIAN CHAMBERS OF COMMERCE
THE UNION OF NATIONAL CHAMBERS OF COMMERCE
Skopje